- Потрошени се средства за улично осветлување **12.793.287,00** денари, одржување на улично осветлување во износ од **10.271.483,00** денари (замена на сијалици , канделабри и бандери) изработка на просторни и урбанистички планови **4.324.751,00** денари,за рушење на објекти се потрошени средства во износ од **1.702.411,00** денари, дезинфекција дезинсекција и дератизација **379.020,00** денари, за одржување на јавна чистота се потрошени средства во износ од **17.833.343,00** денари ( гориво и масла за косилици и агрегати за полевање на зеленилото- 671.400,00, ангажирање на работници- 13.083.556,00 денари и опреативни непредвидени расходи од тековното работење се потрошени средсва во износ од 4.078.387,00 денари ( чистење на диви депонии, хаварисани возила и потрошен матријал за одржување на хигиената ), одржување на паркови и зеленило се потошени средства во износ од **266.542,00** денари

и за одржување на простор за паркирање се потрошени средства во износ од **2.066.104,00** денари.
Капитална донација на Фондот за магистрални и регионални патишта наменети за изградба, реконструкција и тековно одржување на улици во надлежност на општината за 2010 година изнесува **5.238.093,00** денари, потрошени се средстваат и тоа:

| | |
|---|---|
| -одржување на собирни и станбени улици | 4.585.580,50 |
| -изградба и реконструкција на станбени и собирни улици | 3.624.990,00 |
| -зимска служба | 3.413.564,00 |
| **ВКУПНО** | **11.624.134,50** |

Средства во износ од **6.386.041.50** денари, се потрошени од програмата за уредување на градежно земјиште.

Во Буџетот на Општина Карпош за финансирање на надлежности во социјалната и детската заштита и во образованието се доделени блок дотација во вкупен износ од **326.879.099,00** денари, а се потрошени средства во износ од **313.191.739,00** денари кои однесуваат за плати, даноци и придонеси за вработените во детските градинки и основните училишта, за тековно-оперативните трошоци на градинките, за финансирање на тековно-оперативните трошоци на училиштата и за превоз на ученици во основното образование.

2.Овој Годишен извештај ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош

Број 07-1611/3
24.02.2011 година
Скопје

Претседавач
на Советот на Општина Карпош
Трифун Трифуновски,с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од МЗ Владо Тасевски 26 дел В,населба Тафталице,Општина Карпош,Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од МЗ Владо Тасевски 26 дел В,населба Тафталице,Општина Карпош донесена на Триесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-1877/4**
**28.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и 2 и член 26 став 4 алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2003, 137/2007, 91/09 и 124/2010) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и втората седница одржана на 24 февруари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за дел од МЗ Владо Тасевски 26 дел В, населба Тафталиџе,Општина Карпош,Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт-Детален урбанистички план за дел од МЗ Владо Тасевски 26 дел В,населба Тафталиџе,Општина Карпош,Скопје.

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Деталниот урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На север**: бул. “Партизански одреди”
**На исток**: ул. „ Франклин Рузвелт “
**На запад**: ул. “Багдатска “
**На југ**: ул.” Дрезденска”
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 2,48 ха.

**Член 3**

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план, ги содржи следните намени: домување во станбени куќи со можност од компатибилна класа на намена,мали комерцијални и деловни дејности, семејно домување во станбени згради со можност од компатибилна класа на намена, комунална супраструктура- трафостаница.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени:

А1-домување во станбени куќи со можност од компатибилна класа на намена

А2-семејно домување во станбени згради со можност од компатибилна класа на намена

Б1-мали комерцијални и деловни дејности

Е2-Комунална супраструктура-трафостаница

Максималната висина за градба во планот се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри и истата се надополнува со планска одредба која го ограничува бројот на спратови кој може да се гради во одредена височина,при што максималната висина на објектите изнесува Х маџ = 13,20 м.

Со Нацрт-планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Нацрт-Деталниот урбанистички план содржи:
ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
Текстуален дел:
-Вовед
-Географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
-Историјат на планирањето и уредувањето на подрачје на планскиот опфат
-Податоци за природни чинители
-Местоположба и сообраќајна поврзаност
-Природни карактеристики
-Податоци за создадени вредности
-Анализа на состојба на просторот
-Демографски карактеристики
-Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд
- Градежен фонд
-Станбен фонд
-Комерцијални и деловни намени
-Инвентаризација и снимање на постоечки споменични целини и градби од културно историско значење
- Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура
-постојна улична мрежа
-хидротехничка инфраструктура
-електроенергетика
-телефонска мрежа
-Инвентаризација и снимање на бесправно изградени градби
-Анализа на степен на реализација
-Анализа на можности за просторен развој
-Извод од Генерален урбанистички план на Град Скопје
-Нумерички показатели
-Пописни листи

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

-Извод од ГУП на град Скопје 1: 5000
-Извод од ГУП на град Скопје 1 : 5000
- сообраќајна мрежа
-Извод од ГУП на град Скопје 1 : 5000
- комунална инфраструктура
-Извод од ДУП 1 : 1000

-Ажурирана геодетска подлога 1 : 1000
-Инвентаризација и снимка на бесправно
изградените градби 1 : 1000
-Инвентаризација и снимање
на изграден градежен фонд 1 : 1000
-Инвентаризација и снимање на изградена
инфраструктура 1 : 1000

ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

-Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат и плански период
-Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
-Извод од план од повисоко ниво ГУП на град Скопје
-Планска програма
-Опис и образложение на плански концепт за просторен развој
-Опис и образложение на плански решенија за изградба на наменската употреба на градежно земјиште парцелирано за изградба
-Поделба и обележување на единиците на градежното земјиште
-Класа на намени на површини и градби
-Комерцијални и деловни намени
-Опис и образложение на планските решенија за изградба на сообраќајна и комунална инфраструктура
-сообраќајна инфраструктура
-сообраќај
-нивелациски план
-комунална инфраструктура
-хидротехничка инфраструктура
-електроенергетика
-телефонска мрежа
-Нумерички дел
-нумерички показатели
-нумерички показатели п намена
-нумерички показатели по блок и градежни парцели
-Билансни показатели
-Економско образложение за начинот,обемот и динамиката на финансирање на реализацијата на планските решенија
-Мерки за заштита
-мерки и средства за заштита и санација на животната средина
-мерки за заштита од пожар на објектите

-мерки за заштита од воени разурнувања
-заштита од природни непогоди
-Услови за изградба
-Општи услови за изградба
-Посебни услови за изградба

**ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

| | |
|---|---|
| -План на намена на земјиштето и градбите | 1:1000 |
| -Регулационен план и план на површини за градење | 1:1000 |
| -Сообраќаен план и нивелациски план | 1:1000 |
| -Инфраструктурен план | 1:1000 |
| -Синтезен план | 1:1000 |

**Член 5**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри зауредување напросторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 6**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење од Комисијата за давање мислења на нацрт плановите, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на Јавната презентација и Јавната анкета.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 1611/4
24.02.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Заклучокот за усвојување на Инфирмација за финансиската состојба во основните училишта

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Инфирмација за финансиската состојба во основните училишта донесен на Триесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-1877/5**
**28.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002) Советот на Општина Карпош на Триесет и втората седница одржана на 24 февруари 2011 година донесе

## З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Инфирмација за финансиската состојба во основните училишта.

2. Се препорачува Министерство за образование и наука да ги преиспита критериумите за финансирање по дадената формула со цел да се зголемат блок дотациите за основните училишта.

3.Заклучокот да се достави до Министерство за образование и наука.

4.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 1611/5
24.02.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје, заради изградба на топловод на ул.”Прашка”-Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје, заради изградба на топловод на ул.”Прашка”-Општина Карпош, донесена на Триесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-1877/ 6**
**28.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002) и член 30 став 3 од Законот за меѓуопштинската соработка (“Службен весник на Република Македонија” бр.79/09) Советот на Општина Карпош на Триесет и втората седница одржана на 24 февруари 2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје, заради изградба на топловод на ул.”Прашка”-Општина Карпош

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош го прифаќа предлогот за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје и се уредува начинот,условите,финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за изградба на топловод на ул.”Прашка” - Општина Карпош.

Член 2

Општина Карпош во остварувањето на соработката ќе учествува со средства обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, во износ од 2.500.000,00 денари, кои можат да се користат исклучиво за намената утврдена со членот 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредува таков тип објекти и со почитување на прописите кои се однесуваат на јавните набавки.

Член 3

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи Договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинската соработка.

Реализацијата на Договорот ќе почне откако ќе заврши јавната набавка која ќе ја спроведе Општина Карпош.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07 – 1611/6
24.02. 2011 година
Скопје

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за проширување на средствата во Буџетот на Општина Карпош, донесена на Триесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-1877/7**
**28.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр. 5/2002 година) ,а во врска со член 34 од Законот за Буџетите (Сл.весник на РМ бр. 64/05, 4/08), Советот на општина Карпош на триесет и втора седницата одржана на 24 февруари 2011 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата во Буџетот на општина Карпош

### Член 1

Со оваа Одлука се врши проширување на средства во Буџетот на општина Карпош за 2011 година и тоа на следниот начин :

| Се зголемуваат приходите на следните потставки : | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| 741111 Тековни трансфери од други нивоа на власт | 0 | 0 | 420.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **420.000** | **0** | **0** |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки :**

| | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредит |
|---|---|---|---|---|---|
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | | |
| 423410 Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 0 | 345.000 | 0 | 0 |
| 423610 Наставно-образовни помагала | 0 | 0 | 15.000 | 0 | 0 |
| 464990 Други трансфери | 0 | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| | **0** | **0** | **420.000** | **0** | **0** |

### Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот денот од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош и станува составен дел на Буџетот на општината за 2011 година.

Претседавач на Советот на
ОПШТИНА КАРПОШ
ТРИФУН ТРИФУНОВСКИ с.р.

**Бр.07-1611/7**
24.02.2011

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлуката за прифаќање на проектот „Меѓународен шаховски турнир ОПЕН– Карпош”

1.Се објавува Одлуката за прифаќање на проектот „Меѓународен шаховски турнир ОПЕН– Карпош”, донесена на Триесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-1877/8** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.02.2011 година** — **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** — **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02/ Советот на Општина Карпош, на Триесет и втората седница, одржана на 24 февруари 2011 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за прифаќање на проектот „Меѓународен шаховски турнир ОПЕН– Карпош"

Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа проектот „ Меѓународен шаховски турнир ОПЕН– Карпош", доставен од страна на Здружението Шаховски клуб „Гамбит АССЕКО –СЕЕ" - Карпош – Скопје.

Член 2

Во реализацијата на проектот од член 1 на оваа одлука, Општина Карпош ќе учествува со средства во износ од 900.000,00 денари кои ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма за спорт за 2011 година /„Службен гласник на Општина Карпош" бр. 12/2010 и бр.14/2010/.

Член 3

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа Одлука.

Член 4

По завршувањето на реализацијата на проектот Меѓународен шаховски турнир ОПЕН– Карпош", Здружението Шаховски клуб „Гамбит АССЕКО-СЕЕ" - Карпош – Скопје е должно до Советот на Општина Карпош да достави Извештај за реализација на одобрените средства.

Член 5

Проектот „Меѓународен шаховски турнир ОПЕН– Карпош" е составен дел на оваа одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-1611/8 ПРЕТСЕДАВАЧ
24.02.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлуката за прифаќање на проектот
„Шаховска школа – Карпош”

1.Се објавува Одлуката за прифаќање на проектот „Шаховска школа – Карпош”, донесена на Триесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-1877/9**
**28.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија” бр. 05/02/ Советот на Општина Карпош, на Триесет и втората седница, одржана на 24 февруари 2011 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

за прифаќање на проектот „Шаховска школа – Карпош”

Член 1

Со оваа Одлука се прифаќа проектот „ Шаховска школа – Карпош “, доставен од страна на Здружението Шаховски клуб „Гамбит АССЕКО-СЕЕ” - Карпош – Скопје.

Член 2

Потребните средства за реализација на проектот од член 1 на оваа одлука во износ од 295.200,00 денари да се обезбедат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година, Програма општинска администриција ЕО, ставка 425-договорни услуги, потставка 425130-изнајмување на друг тип простор /„Службен гласник на Општина Карпош” бр. 12/2010/.

Член 3

Се задолужува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа Одлука.

Член 4

По завршувањето на реализацијата на проектот „ Шаховска школа – Карпош “ Здружението Шаховски клуб „Гамбит АССЕКО-СЕЕ” - Карпош – Скопје, е должно до Советот на Општина Карпош да достави Извештај за реализација на одобрените средства.

Член 5

Проектот „ Шаховска школа – Карпош “ е составен дел на оваа Одлука.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07- 1611/9 ПРЕТСЕДАВАЧ
24.02. 2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за продажба на стари крила од прозорци

1.Се објавува Одлуката за продажба на стари крила од прозорци, донесена на Триесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-1877/10**
**28.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.01/06),Советот на Општина Карпош на Триесет и втората седница, одржана на 24 февруари 2011 година, донесе

**О Д Л У К А**
за продажба на стари крила од прозорци

**Член 1**

Се одобрува да се отуѓат старите крила од прозорци од општинското основно училиште „Петар Поп Арсов”, населба Карпош 4- Општина Карпош, по пат на продажба.

Предметните крила од прозорци, наведени во став 1 од овој член, преставуваат прозорски крила од остатоци на фасадни прозорци – дрвена дограма кои се демонтирани и заменети со комплетно нови прозорци, при овогодишната реконструкција на објектот на погоре наведеното основно училиште.

**Член 2**

Старите и заменети крила од прозорците, можат да се продаваат сите комплетно на еден купувач, или поединечно по парче на повеќе купувачи, согласно пројавениот интерес за нивно купување.

**Член 3**

Почетната продажна цена на предметните крила од старите фасадни прозорци ќе биде определена согласно извршената проценка.

**Член 4**

Постапката за продажба ќе ја спроведе трочлена комисија од редот на општинската администрација, составена од Градоначалникот на Општина Карпош.

Стручните и административно-технички работи за потребите на Комисијата од став 1 на овој член ќе ги врши општинската администрација (објавување на оглас за продажба, превземање на дејствија при проценката на предметните стари крила и друго).

**Член 5**

Договорот за купопродажба на крилата од старите фасадни прозорци кои се предмет на продажба ќе го склучи Градоначалникот на Општина Карпош со најповолниот, или најповолните понудувачи.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07- 1611/10
24.02.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Програмата за изменување на Програмата за спроведување на социјалната заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош

1.Се објавува Програмата за изменување на Програмата за спроведување на социјалната заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош, донесена на Триесет и вторaта седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-1877/11**
**28.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), како и согласно член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.01/06), Советот на Општина Карпош на Триесет и втората седница, одржана на 24 февруари 2011 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
за изменување на Програмата за спроведување на социјалната заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош

**Член 1**

Во Програмата за спроведување на социјалната заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.12/2010) во точка 4,”Поддршка со парична помош”, на страна 7 алинеа “ѓ”, бројот “6.000,00” се заменува со бројот “4.800,00 “.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-1611/11
24.02.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлуката за исплата на еднократна парична помош

1.Се објавува Одлуката за исплата на еднократна парична помош, донесена на Триесет и вторaта седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-1877/11-1**
**28.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), како и согласно член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.01/06), Советот на Општина Карпош на Триесет и втората седница, одржана на 24 февруари 2011 година, донесе

## О Д Л У К А
за исплата на еднократна парична помош

Член 1

Се одобрува исплата на еднократна парична помош во износ од 5.000,00 денари поодделно на секое лице ангажирано за договорна работа во Јавните установи општински детски градинки:”Мајски Цвет”, “Пролет” и “Орце Николов”.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2011, Програма ЕО-Општинска администрација, ставка 471-социјални надоместоци, потставка 471990-друга социјална помош.

Член 3

Се задолжува Секторот за финансии да ја спроведе оваа одлука, веднаш по добивањето на списокот на лицата од член 1 на оваа Одлука, заедно со нивните неопходни податоци, од страна на Секторот за дејности од јавен интерес.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-1611/11-1 ПРЕТСЕДАВАЧ
24.02.2011 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување на Одлуката за исплата на еднократна парична помош
за настаната штета од пожар

1.Се објавува Одлуката за исплата на еднократна парична помош, за настаната штета од пожар, донесена на Триесет и втората седница на Советот на Општина Карпош одржана на 24 февуари 2011 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-1877/12**
**28.02.2011 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.01/06),Советот на Општина Карпош на Триесет и втората седница одржана на 24 февруари 2011 година, донесе

# О Д Л У К А

за доделување на еднократна парична помош за настаната штета од пожар

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува еднократна парична помош заради претрпена материјална штета на семејствата на:Ѓорѓиевски Бранислав,Ѓорѓиевски Зоран и Ѓорѓиевски Слободан со стан на ул.”Франц Прешерн” бр.52, населба “Влае 1”, чија семеејна куќа е изгорена во пожар, во износ до 300.000,00 денари.

**Член 2**

Одобрените средства од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2011 година.

**Член 3**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07- 1611/12
24.02.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

1.-Одлука за расходување на средствата
на опремата и ситниот инвентар по извршениот
попис за 2010 година со Решение за објавување ............................ 2-7

2.-Одлука за отпис на ненаплатливи и
застарени побарувања по извршениот попис
за 2010 година со Решение за објавување ............................. 8-11

3-Годишна сметка на Буџетот на Општина
Карпош за 2010 година и Годишен извештај за
извршување на Буџетот на Општина Карпош за
2010 година со Решение за објавување ............................ 12- 51

4.-Одлука за утврдување на Нацрт-Детален
урбанистички план за дел од МЗ Владо Тасевски 26 дел В,
населба Тафталице,Општина Карпош,Скопје со Решение
за објавување со Решение за објавување ............................52-57

5.-Заклучок за усвојување н Инфирмација за финансиската
состојба во основните училишта на подрачјето на
Општина Карпош со Решение за објавување ..........................58-59

6.-Одлука за воспоставување соработка помеѓу
Општина Карпош и Градот Скопје,заради изградба на
топловод на ул.”Прашка”-Општина Карпош со Решение
за објавување .............................60-61

7.-Одлука за проширување на средствата во
Буџетот на Општина Карпош со Решение за објавување .............................62-63

8.-Одлука за прифаќање на Проектот
“Меѓународен шаховски турнир ОПЕН –КАРПОШ”
со Решение за објавување ..............................64-65

9.-Одлука за прифаќање на Проектот
“Шаховска школа КАРПОШ”со Решение за објавување .............................66-67

10.-Одлука за продажба на стари крила од

прозорци со Решение за објавување ............................ 68-70

11.-Програма за изменување на Програмата
за спроведување на социјалната заштита и заштита
на децата, граѓани на Општина Карпош со Решение
за објавување .......................... 71-72

11.1 Одлука за исплата на еднократна парична помош
со Решение за објавување ..........................73-74

12.-Одлука за доделување еднократна парична
помош за настаната штета од пожар со Решение
за објавување ..............................75-76

**Издавач:**Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение
за поддршка за работатта на Советот
**Адреса:** Бул.”Партизански одреди” бр.68, тел.3065-925
**Тираж:** 50 примероци